Групацијата на пазари со 15-тина учесници, членки на групацијата во рамки на Здружението на комунални дејности при Стопанската комора на Македонија учествуваше на II МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДЕЈНОСТА ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ, организирана од страна на здружението на пазари на Р. Србија, а беше реализирана и посета на пазарите во Ниш и Нови сад.

# ПАЗАР ВО НИШ














**II МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДЕЈНОСТА ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ**
**И ПОСЕТА НА ПАЗАРИТЕ ВО НИШ И ВО НОВИ САД**
**Палиќ, Суботица, Р. Србија**
**6 - 8 април 2016 година**

# ПАЗАР ВО НОВИ САД













**II МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДЕЈНОСТА ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ И ПОСЕТА НА ПАЗАРИТЕ ВО НИШ И ВО НОВИ САД**
**Палиќ, Суботица, Р. Србија**
**6 - 8 април 2016 година**



















**II МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДЕЈНОСТА ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ И ПОСЕТА НА ПАЗАРИТЕ ВО НИШ И ВО НОВИ САД**

**Палиќ, Суботица, Р. Србија**

**6 - 8 април 2016 година**



**II МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДЕЈНОСТА ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ И ПОСЕТА НА ПАЗАРИТЕ ВО НИШ И ВО НОВИ САД**
**Палиќ, Суботица, Р. Србија**
**6 - 8 април 2016 година**

На дво дневната II меѓународна конференција за дејноста пазари во регионот што се одржа на Палиќ, Суботица во Србија од 6 до 8 април 2016 година, беа реализирани две панел дискусии на тема:

- Прилагодување на пазарната дејност на пазарните предизвици на XXI век и
- Трибина на тема - Модели на формирање на цена, издавање тезги под закуп и наплата на пазарните услуги.

На конференцијата беа присутни претставници на пазарите од Република Српска, Федерација Босна и Херцеговина, Македонија, Република Унгарија и Република Србија. Во рамки на трибината беа презентирани различните начини на организациска поставеност на пазарите, предизвиците со кои се соочуваат, влијанието на големите хипер маркети на дејноста. Беа презентирани и моделите на организација и техничка поставеност на пазарите на големо во Унгарија, а претставниците на Федерација Босна и Херцеговина информираа за тоа каква е организациската поставеност на функционирањето на пазарите.



**II МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДЕЈНОСТА ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ И ПОСЕТА НА ПАЗАРИТЕ ВО НИШ И ВО НОВИ САД**
**Палиќ, Суботица, Р. Србија**
**6 - 8 април 2016 година**





Во насока на остварување поголеми можности за модернизација на пазарите, за потенцирање на нивната важност и местото во вкупната економска активност на секоја од земјите од регионот особено поради фактот што традицијата за пазарење на зелени пазари е се уште дел од дневното живеење во сите земји од регионот, на конференцијата беше констатирано дека ваквите средби се неминовност и дека размената на искуство и ставови може позитивно да влијае на натамошен развој на дејноста.

**II МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДЕЈНОСТА ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ И ПОСЕТА НА ПАЗАРИТЕ ВО НИШ И ВО НОВИ САД**

**Палиќ, Суботица, Р. Србија**

**6 - 8 април 2016 година**









Во рамки на организираното присуство на меѓународната конференција, попатно беше организирана и посета на пазарите во Ниш и Нови сад, а беа посетени и зелените пазари во Суботица и пазарот на големо во истиот град. Учесниците од Македонија имаа можност да направат компарација на начинот на кој функционираат зелените пазари во Србија, споредено со Македонија, да се запознаат со начинот на организација, техничката поставеност, законската регулатива, видовите производи кои се продаваат на тезгите и сл.

На крајот на конференцијата беше договорено за еден месец да се одржи нов работен состанок со претставници од земјите од регионот со цел потпишување **Меморандум за соработка** со можност за формирање регионална асоцијација, со цел зголемување и подобрување на меѓусебната соработка.